**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-542
04.12. **2018 година**
**Скопје**

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17 и 168/18), точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-5098/1 од 23.11.2018 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги односно поради непочитување на правилата за заштита на малолетната публика, од страна на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, Директорот на Агенцијата го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка – опомена**

1. СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 , 132/14, 142/16, 132/17 и 168/18) и на членовите 16, 19 и 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица („Службен весник на Република Македонија" бр.172/14), а казнива по член 147 став 1 точка 10 и став 2 од истиот Закон, на начин што на 1-ви, 10-ти, 11-ти и 12-ти ноември 2018 година на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, беа емитувани:

- играни програми, означени како програми од Трета категорија (12+) и од Четврта категорија (16+), во несоодветни периоди од денонокието, и тоа: „Екатерина Велика" – играна програма – серија (прва и втора реприза на 22 епизода), емитувана на 1-ви ноември 2018 година, во периодот од 08:25:24 до 08:52:33 часот и во периодот од 14:56:30 до 15:23:35 часот; „Џек Ајриш" – играна програма – серија (репризи на 1-та и на 2-та епизода), емитувана на 10-ти ноември 2018 година, во периодот од 16:54:55 до 17:30:08 часот и во периодот од 17:32:30 до 18:04:37 часот; „Замрзната земја" – играна програма – филм, емитуван на 10-ти ноември 2018 година, во периодот од 20:28:30 до 22:09:47 часот; „Момчето со златни панталони" – играна програма – филм, емитуван на 11-ти ноември 2018 година, во периодот од 04:07:59 до 05:43:05 часот; „Одмаздата на зелените змејови" - играна програма – филм, емитуван на 11-ти ноември 2018 година, во периодот од 20:42:31 до 22:13:41 часот и „Џек Ајриш", играна програма – серија, емитувана на 12-ти ноември 2018 година, во периодот од 14:46:42 до 15:16:33 часот, што е спротивно на член 16 од Правилникот за заштита на малолетните лица;

- играна програма (хумор/сатира) „Празни муабети", емитувана на 10-ти ноември 2018 година во периодот од 16:19:00 до 16:48:30 часот и на 11-ти ноември 2018 година, во периодот од 12:19:06 до 12:48:38 часот, не беше категоризирана и означена со предупредувачка сигнализација, што е спротивно на член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица; и

- промотивни најави за играни програми, беа емитувани без предупредувачка сигнализација за категоријата програма планирана за прикажување, и тоа: „Одмаздата на Зелените змејови" – најава за играна програма – филм, емитувана на 10-ти ноември 2018

година, во периодот од 19:51:23 до 19:52:12 часот и во периодот од 19:59:01 до 19:59:49 часот; „Замрзнатата земја" - најава за играна програма – филм, емитувана на 10-ти ноември 2018 година, во периодот од 19:50:19 до 19:51:04 часот и во периодот од 19:58:15 до 19:59:00 часот и „Одмаздата на Зелените змејови" – најава за играна програма – филм, емитувана на 11-ти ноември 2018 година, во периодот од 13:22:37 до 13:23:26 часот и во периодот од 20:01:20 до 20:02:09 часот, што е спротивно на член 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е по наслов на емисија, датум на емитување, период на емитување и опис на прекршувањето во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-5098/1 од 23.11.2018 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно.

## О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17 и 168/18), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерка – решение за опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на него, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и другите акти на Агенцијата.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Секторот за програмски работи, на 23 ноември 2018 година, изврши редовен програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 1-ви, 10-ти, 11-ти и 12-ти ноември 2018 година, при што констатираше прекршување на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членовите 16, 19 и 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица.

Имено, со надзорот констатирано е дека беа емитувани: повеќе играни програми, означени како програми од Трета категорија (12+) и од Четврта категорија (16+), во несоодветни периоди од денонокието, и тоа: „Екатерина Велика" – играна програма – серија (прва и втора реприза на 22 епизода), емитувана на 1-ви ноември 2018 година, во периодот од 08:25:24 до 08:52:33 часот и во периодот од 14:56:30 до 15:23:35 часот; „Џек Ајриш" – играна програма – серија (реприза на 1-та и на 2-та епизода), емитувана на 10-ти ноември 2018 година, во периодот од 16:54:55 до 17:30:08 часот и во периодот од 17:32:30 до 18:04:37 часот; „Замрзната земја" – играна програма – филм, емитуван на 10-ти ноември 2018 година, во периодот од 20:28:30 до 22:09:47 часот; „Момчето со златни панталони" – играна програма – филм, емитуван на 11-ти ноември 2018 година, во периодот од 04:07:59 до 05:43:05 часот; „Одмаздата на зелените змејови" - играна програма – филм, емитуван на 11-ти ноември 2018 година, во периодот од 20:42:31 до 22:13:41 часот и „Џек Ајриш", играна програма – серија, емитувана на 12-ти ноември 2018 година, во периодот од 14:46:42 до 15:16:33 часот, што е спротивно на член 16 од Правилникот за заштита на малолетните лица. Со надзорот беше констатирано дека

играната програма (хумор/сатира) „Празни муабети", емитувана на 10-ти ноември 2018 година, во периодот од 16:19:00 до 16:48:30 часот и на 11-ти ноември 2018 година, во периодот од 12:19:06 до 12:48:38 часот, не беше категоризирана и означена со предупредувачка сигнализација, што е спротивно на член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица. Исто така, врз основа на спроведениот надзор беше констатирано дека промотивни најави за играни програми, беа емитувани без предупредувачка сигнализација за категоријата програма планирана за прикажување, и тоа: „Одмаздата на Зелените змејови" – најава за играна програма – филм, емитувана на 10-ти ноември 2018 година, во периодот од 19:51:23 до 19:52:12 часот и во периодот од 19:59:01 до 19:59:49 часот; „Замрзнатата земја" - најава за играна програма – филм, емитувана на 10-ти ноември 2018 година, во периодот од 19:50:19 до 19:51:04 часот и во периодот од 19:58:15 до 19:59:00 часот и „Одмаздата на Зелените змејови" – најава за играна програма – филм, емитувана на 11-ти ноември 2018 година, во периодот од 13:22:37 до 13:23:26 часот и во периодот од 20:01:20 до 20:02:09 часот, што е спротивно на член 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица.

Повредата од точка 1 став 1 од ова Решение, спецserver е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-5098/1 од 23.11.2018 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Следствено на тоа, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-5098/1 од 23.11.2018 година, поради констатирано непочитување на одредба од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и одредби од Правилникот за заштита на малолетните лица, утврдено во точка 1 на ова Решение, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе решение со кое се опоменува Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје и му се наложува во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, бр.10-5098/1 од 23.11.2018 година.

**Доставено до:**

- Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје;
- Одговорното лице на програмата во правното лице - Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за програмски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на членот 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17 и 168/18), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 23-11-2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5098 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. Вид надзор: Редовен;

2. Субјект на надзорот: Телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво Телевизија 1 ТВ ДООЕЛ Скопје;

3. Период опфатен со надзорот: 1, 10, 11 и 12 ноември 2018 година;[1]

4. Датум на извршување на надзорот: 23 ноември 2018 година;

5. Предмет на надзорот:

   - Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);

   - Правилник за заштита на малолетните лица („Службен весник на Република Македонија" бр. 172/14);

   - Членовите 53, 54, 55, 98, 99, 100 и 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации);

   - Упатство за примена на одредбите за пласирање производи („Службен весник на Република Македонија" бр.201/14);

   - Правилник за спонзорство („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/15);

   - Правилник за нови рекламни техники („Службен весник на Република Македонија" бр. 56/15);

[1] *Периодот опфатен со редовниот надзор, освен на 1 ноември 2018 година, е проширен и на 10, 11 и на 12 ноември 2018 година, поради пристигната претставка од физичко лице за време на надзорот.*

- **Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);
- **Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);
- **Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност** („Службен весник на Република Македонија" бр. 185/14);
- **Член 94 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (емитување игри на среќа);

6. **Претходно изречена мерка:** Нема;

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво Телевизија 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 1, 10, 11 и на 12 ноември 2018 година, на државно ниво, констатирани се прекршувања на **членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** *(заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој)*, и **на член 16** *(временски периоди за категориите програми)*, на член 19 *(предупредувачката сигнализација за категоријата програма задолжително се аплицира пред почетокот и за време на емитувањето на програмите на телевизиските програмски сервиси за сите видови играна програма и за оние видови програми со информативна, образовна или забавна функција, кои било како целина било преку нивни делови, можат штетно да влијаат врз малолетните лица)* и **на член 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица** *(објавите - промотивните најави за програмите задолжително треба да бидат обележани со визуелниот знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува).*

**Спротивно на членот 16 од Правилникот за заштита на малолетните лица**, повеќе играни програми, означени како програми од Трета категорија (12+) и од Четврта категорија (16+), на 1, 10, 11 и на 12 ноември 2018 година, бea емитувани во несоодветни периоди од денонокието.

Репризите на одредени епизоди од серијата „Екатерина Велика" и играната серија „Џек Ајриш" беа означени како програма од Трета категорија (12+). Според критериумите од Правилникот за заштита на малолетните лица, програмите од Трета категорија, што не се препорачуваат за деца под 12 години, за кои е неопходен надзор од родител / старател, може да се емитуваат само во периодот од 20:00 до 05:00 часот.

Играните филмови - „Замрзната земја", „Момчето со златни панталони" и „Одмаздата на зелените змејови" - беа означени како програма од Четврта категорија (16+). Според насоките и класификациските критериуми од Правилникот за заштита

на малолетните лица, програмите од Четврта категорија (16+) може да се емитуваат само во периодот од 22:00 до 05:00 часот.

**1 ноември 2018 г.**

| Наслов на емисијата | Период на емитување | | Опис на прекршувањето |
|---|---|---|---|
| | почеток | крај | |
| *„Екатерина Велика“* – играна програма – серија; (прва и втора реприза на 22 епизода); | 08:25:24 | 08:52:33 | Според критериумите од Правилникот за заштита на малолетните лица, програмите од Трета категорија, што не се препорачуваат за деца под 12 години, за кои е неопходен надзор од родител/старател, може да се емитуваат само во периодот од 20:00 до 05:00 часот. |
| | 14:56:30 | 15:23:35 | |

**10 ноември 2018 г.**

| Наслов на емисијата | Период на емитување | | Опис на прекршувањето |
|---|---|---|---|
| | почеток | крај | |
| *„Џек Ајриш“* – играна програма – серија; (реприза на 1-та и на 2-та епизода); | 16:54:55 | 17:30:08 | Според критериумите од Правилникот за заштита на малолетните лица, програмите од Трета категорија, што не се препорачуваат за деца под 12 години, за кои е неопходен надзор од родител/старател, може да се емитуваат само во периодот од 20:00 до 05:00 часот. |
| | 17:32:30 | 18:04:37 | |
| *„Замрзната земја“* – играна програма – филм; | 20:28:30 | 22:09:47 | Според насоките и класификациските критериуми од Правилникот за заштита на малолетните лица, програмата од Четврта категорија (16+) може да се емитува само во периодот од 22:00 до 05:00 часот. |

**11 ноември 2018 г.**

| Наслов на емисијата | Период на емитување | | Опис на прекршувањето |
|---|---|---|---|
| | почеток | крај | |
| *„Момчето со златни панталони“* – играна програма – филм; | 04:07:59 | 05:43:05 | Според насоките и класификациските критериуми од Правилникот за заштита на малолетните лица, програмите од Четврта категорија (16+) може да се емитуваат само во периодот од 22:00 до 05:00 часот. |
| *„Одмаздата на зелените змејови“* – играна програма – филм; | 20:42:31 | 22:13:41 | |

**12 ноември 2018 г.**

| Наслов на емисијата | Период на | Опис на прекршувањето |
|---|---|---|

| | емитување | | |
|---|---|---|---|
| | почеток | крај | |
| „*Џек Аријш*“ – играна програма – серија; | 14:46:42 | 15:16:33 | Според критериумите од Правилникот за заштита на малолетните лица, програмите од Трета категорија, што не се препорачуваат за деца под 12 години, за кои е неопходен надзор од родител/старател, може да се емитуваат само во периодот од 20:00 до 05:00 часот. |

**Спротивно на членот 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица** (*програми во кои се аплицира предупредувачка сигнализација*), во периодот на мониторингот, на 10 и на 11 ноември 2018 година, играната програма (хумор/сатира) „Празни муабети“ не беше категоризирана и означена со предупредувачка сигнализација. Според критериумите од Правилникот за заштита на малолетните лица, предупредувачка сигнализација задолжително се аплицира пред почетокот и за време на емитувањето во сите видови играна програма и во оние видови програми со информативна, образовна или забавна функција кои било како целина или преку нивни делови можат штетно да влијаат врз малолетните лица.

**10 ноември 2018 г**

| Наслов на емисијата | Период на емитување | | Опис на прекршувањето |
|---|---|---|---|
| | почеток | крај | |
| „*Празни муабети*“ – играна програма – хумор и сатира; | 16:19:00 | 16:48:30 | Пред почетокот на играната програма не е емитуван предупредувачки сигнал кој ја означува категоријата програма, а во текот на нејзиното времетраење не е постојано емитувана предупредувачката сигнализација. |

**11 ноември 2018 г**

| Наслов на емисијата | Период на емитување | | Опис на прекршувањето |
|---|---|---|---|
| | почеток | крај | |
| „*Празни муабети*“ – играна програма – хумор и сатира; | 12:19:06 | 12:48:38 | Пред почетокот на играната програма не е емитуван предупредувачки сигнал кој ја означува категоријата програма, а во текот на нејзиното времетраење, не е постојано емитувана предупредувачката сигнализација. |

**Спротивно на членот 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица**, промотивните најави за играните програми „*Одмаздата на Зелените змејови*“ и „*Замрзната земја*“, на 10 и на 11 ноември 2018 година, беа емитувани без предупредувачка сигнализација за категоријата програма планирана за прикажување.

10 ноември 2018 г.

| Наслов на емисијата | Период на емитување | | Опис на прекршувањето |
|---|---|---|---|
| | почеток | крај | |
| „*Одмаздата на Зелените змејови*" – најава за играна програма – филм; | 19:51:23 | 19:52:12 | Промотивните најави за играната програма не се обележани со предупредувачка сигнализација за категоријата програма планирана за прикажување. |
| | 19:59:01 | 19:59:49 | |
| „*Замрзната земја*" – најава за играна програма – филм; | 19:50:19 | 19:51:04 | |
| | 19:58:15 | 19:59:00 | |

11 ноември 2018 г.

| Наслов на емисијата | Период на емитување | | Опис на прекршувањето |
|---|---|---|---|
| | почеток | крај | |
| „*Одмаздата на Зелените змејови*" – најава за играна програма – филм; | 13:22:37 | 13:23:26 | Промотивните најави за играната програма не се обележани со предупредувачката сигнализација за категоријата програма планирана за прикажување. |
| | 20:01:20 | 20:02:09 | |

8. Опис на прекршувањето:

Спротивно на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членовите 16, 19 и 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица, на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво Телевизија 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, емитуван на: 1, 10, 11 и 12 ноември 2018 година - репризите на серијата „Екатерина Велика", серијата „Џек Ајриш", и играните филмови - „Замрзната земја", „Одмаздата на зелените змејови" и „Момчето со златни панталони" беа емитувани во несоодветен програмски термин; - играната програма (хумор/сатира) „Празни муабети" не беше категоризирана и не беше означена со предупредувачка сигнализација за заштита на малолетните лица која задолжително се аплицира во сите видови играна програма; а промотивните најави за играните филмови – „Одмаздата на Зелените змејови" и „Замрзната земја" не беа обележани со визуелниот знак што ја сигнализира категоријата програма планирана за прикажување.

9. Предлог мерка: /

Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Трговското радиодифузно друштво Телевизија 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, и согласно со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението за преземање мерка опомена да го усогласи своето работење со членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

*Сектор за програмски работи*